# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР

## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 април 2025*

## ПО ХРИСТОВИТЕ СТАПКИ

**„Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос, Кој, иако беше во Божји лик, не сметаше дека треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,5-8).**

Божјиот Син го напуштил своето богатство, и честа и славата, од божественото се облекол во човечко, за човечкото да може да се фати за божественото и човекот да стане учесник во божествената природа. Божјиот Син не дошол да живее во царски палати, да живее без грижи и без да работи, и да биде осигуран со сите удобности по кои копнее човечката природа. Светот никогаш не го видел Господа како богат човек. Тој, во советот на Небото избрал да стои во редовите на сиромашните и покорените... да го учи занаетот на земните родители. Дошол на овој свет за да биде Обновител на карактерот и во сета своја работа да го внесе совршенството кое сакал да го внесе во карактерот на човекот преобразувајќи го со својата божествена сила.

Не го занемарувал општествениот живот на своите сонародници. За да може сите да го запознаат Бога, кој станал тело, Тој се вклучувал во сите општествени класи и бил нарекуван Пријател на грешниците. Христос во себе имал право на сè, но се предал на животот во сиромаштија за ние да можеме да се збогатиме со небесното богатство. Заповедникот во небесните дворови, го зазел најниското место на Земјата. Бил богат, но заради нас осиромашил...

За кратко време Господ им дозволил на припадниците на својот народ да станат Негови поданици за да може да го провери нивниот карактер. За тоа време тие ќе одлучуваат за својата вечна судбина. Ако дејствуваат спротивно на Божјата волја, нема да можат да му припаднат на царското семејство...

Доказ дека благодатта дејствува на срцето се огледува секогаш кога им правиме добро на другите кога имаме можност тоа да го

правиме. Доказот за нашата љубов се потврдува со христоликиот дух, со подготвеноста да ги делиме добрата коишто Бог ни ги дал, подготвеноста да покажеме самоодрекување и пожртвуваност, помагајќи во унапредувањето на Божјото дело и намаченото човештво. Никогаш не смееме да ја заобиколиме целта што ја бара нашата великодушност...

Господ ќе ги употреби сите оние кои дозволуваат да бидат употребени. Меѓутоа, Тој очекува служба од срце... Кога срцето ќе се предаде на Бога, тогаш и нашите таленти, нашата енергија, нашиот имот, сè што имаме и сè што сме, ќе биде посветено на Неговата служба (*Review and Herald,* 15 мај 1900).

*Сабота, 12 април 2025*

## ДА РАБОТИМЕ СО ХРИСТА

**„Зашто Бог не е неправеден, па да ги заборавил вашето дело и љубовта, што ја покажавте кон Неговото име, откако им послуживте и им служите на светите“ (Евреите 6,10).**

Христос своите потреби ги изедначил со потребите на напатеното човештво; и ако Тој е занемарен во личноста на своите напатени, сите наши собири, сите наши договорени состаноци, сета машинерија која е ставена во движење за да го унапреди Божјото дело, нема да ни донесе многу корист...

Сите оние што ќе бидат свети на Небото, ќе мораат прво да бидат свети на Земјата. Тие нема да ги следат искрите што сами ги запалиле, тие нема да работат за слава, ниту пак да изговараат празни зборови, ниту ќе покажуваат со прст за осуда или угнетување, туку ќе ја следат светлината на Животот, ќе шират светлина, утеха, надеж и храброст токму меѓу оние на кои им е потребна помош, а нема да ги критикуваат ниту да ги прекоруваат...

Богатата, јасна светлина која го осветлува нашиот пат, нè ставила на погодно место и затоа мораме да ја искористиме секоја можност за да правиме добро. Христос дошол од царските небески дворови да ги бара и спаси изгубените, а тоа треба да биде и наша работа. Ревноста што ја покажуваме во таа насока, ќе ја покаже мера-

та на нашата љубов кон Исуса и другите луѓе, мерата на нашата успешност и мисионски дух.

На секој верник во Црквата му е доверена задача, и нивното посветување во таа задача ќе се види во успешноста, несебичноста, ревноста, непорочноста и разумот со кој ја изршуваат оваа работа. Делото на човекољубието и религијата не смее да назадува. Напредување се очекува меѓу оние кои примиле голема светлина и имаат многу предности.

Црквата мора да биде Црква што ќе работи, ако сака да биде жива Црква. Таа не смее да биде задоволна со тоа што ќе го задржи своето „наспроти“ противничките сили на гревот и заблудата, не смее да биде задоволна да напредува со забавени чекори, туку треба да го носи Христовиот јарем и да држи чекор со Водачот, здобивајќи се притоа со нови верници.

Кога навистина ке станеме Христови, нашите срца ќе бидат полни со кротост, нежност и љубезност, затоа што Исус ни ги простил гревовите. Како послушни деца, ќе ги прифатиме и ќе ги негуваме прописите што Тој ни ги дал, и ќе ги почитуваме обредите што Тој ги воспоставил. Непрекинато ќе се трудиме да стекнуваме ново знаење за Него (*Review and Herald*, 1 мај 1913).

*Сабота, 19 април 2025*

## РЕШИТЕЛНО ДЕЈСТВУВАЊЕ

**„Тогаш ги повика своите десет слуги, им даде десет мини и им рече: ‚Тргувајте со нив, додека да се вратам!‘“ (Лука 19,13)**

Како христијани адвентисти имаме работа која треба да ја извршиме, всушност, ние треба да сведочиме за Христа... Ако Господ треба наскоро да дојде, тогаш треба да почнеме да дејствуваме решително и сигурно, со длабока заинтересираност да ги зголемиме можностите на своите установи за да може големото дело да се заврши за најкратко можно време...

Оние кои се поврзале со светот, треба да го слушнат Господовиот повик. Тој вели: „’Затоа излезете од нивната средина и одделете

се!’ вели Господ, и ’Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам’“ (2. Коринќаните 6,17)... Блескавите зраци на Сонцето на правдата треба да ве огреат, за да можете да бидете разубавени во светоста.

Дали сега треба да кажеме дека немаме потреба од наши установи? Дека верата е единственото нешто што ни е потребно? Вистинската вера е работно начело и делото ќе се појави како доказ дека таа сила дејствува во душата. Вие треба двојно да ги зголемите своите напори, двојно да ја зголемите својата работна сила...

Големото дело треба да се изврши во целиот свет, и никој нека не се лаже дека, затоа што крајот е блиску, не е потребно да се вложуваат посебни напори за да се изградат најразлични установи кои ги бара делото... Сите треба да бидат работници, но најтешкиот товар на одговорност почива на оние кои имаат најголеми способности, најголеми средства, најголеми можности. Ние мора да бидеме оправдани преку верата, но ќе ни се суди според делата.

Кога Господ ќе нè повика да го положиме своето оружје и повеќе да не вложуваме напори да отвораме училишта, да градиме установи за згрижување на болните, да вложуваме напори за вдомување на сирачиња и бездомници, за утеха на преморените проповедници, тогаш ќе биде време да ги прекрстиме своите раце и да му препуштиме на Господа да го заврши делото, но сега имаме можност да ја покажеме својата ревност за Бога...

Освен тоа, Бог ги повикува мисионерите во нашата земја. Секоја душа нека се откаже од себе, нека го земе својот крст, нека троши многу помалку средства за задоволување на себеси, за да може да има живи, работни сили во сите наши цркви. Верата која опфаќа помалку од тоа е вера која го отфрлува христијанскиот карактер. Верата, според Евангелието, е онаа вера чија благодат и сила имаат божествено потекло. Тогаш да покажеме дека Христос живее во нас, со тоа што ќе престанеме да трошиме пари за облека и непотребни работи, додека Божјото дело е оневозможено поради недостаток на средства, додека остануваат неплатени долговите на нашите молитвени домови а касата е празна. „По нивните плодови ќе ги познаете. Се бере ли грозје од трње, или смокви од чичка?“ (Матеј 7,16) Зарем нема да го следиме примерот на Оној кој заради нас станал сиромашен, за да можеме ние со Неговото сиромаштво да се збогатиме? (*General Conference Bulletin, fourth quarter* 1896, pp. 765-768).

*Сабота, 26 април 2025*

## СВЕТЛИНА ВО ГОСПОДА

Некои таканаречени Христови следбеници можат да кажат, како и учениците во она време, додека ги слушале сериозните вистини од устата на божествениот Учител: „Тешка е оваа беседа! Кој може да ја слуша?“ (Јован 6,60) Многумина би помислиле дека патот им е претставен како премногу стрмен. Кога зборуваме за самоодрекувањето и жртвувањето за Христа, тие мислат дека премногу се задржуваме на тие прашања. Вие повеќе би сакале да слушате кога зборуваме за наградите на христијаните, зар не? Ние знаеме дека, оние кои се верни, ќе наследат сѐ, но треба да се постави и големото прашање: Кој ќе се одржи во денот на Неговото доаѓање? Кој ќе опстане кога Тој ќе се појави? Кој ќе биде сметан за достоен и да ја прими големата и скапоцена награда која ќе им биде доделена на победниците? Оние кои учествувале во Христовите страдања, ќе ја поделат со Него и Неговата слава!

Божјата Реч ни кажува дека без светост никој нема да може да го види Господа. Без живот кој нема недостатоци не е можно да се оспособиме и да се подготвиме за престој меѓу светите и безгрешни ангели во совршеното и свето Небо. Таму не може да има никаков грев. Никаква нечистотија не може да помине низ бисерната врата на златниот Божји град. А, прашањето кое мораме да го решиме гласи: дали ќе сакаме да се одвратиме од секаков грев и да се усогласиме со условите кои ни ги дал Бог за да можеме да бидеме Негови синови и ќерки. Тој од нас бара одвојување од светот, за да можеме да станеме припадници на царското семејство.

Несомнено, ние веруваме дека Христос наскоро ќе дојде и верувајќи во тоа чувствуваме потреба да ги повикуваме луѓето да се подготват за доаѓањето на Синот Човечки... Ние сакаме да бидеме во тоа друштво кое ќе се поклони пред Божјиот престол, извикувајќи: Достојно е, достојно е, достојно е Јагнето заклано за нас!

Кога ќе бидеме подготвени, кога ќе ги победиме сите свои гревови, ќе ги отфрлиме сите беззаконија, тогаш ќе бидеме подготвени да го примиме завршниот допир на бесмртноста.

Нема да бидеме сигурни ако чекаме да дојде некое подобро време. Тоа време е сега, денес. Ако некој го слушне Неговиот глас, нека не го стврдне своето срце. Денес треба да го прифатиме повикот на милоста. Треба да ја отфрлиме сета своја злоба, својата неразумност, својата гордост, и сето свое срце потполно да му го предадеме на Господа. Да дојдеме кај Него со сите свои таленти, со сето свое влијание што го имаме, да го положиме сето тоа, без ништо да задржиме, пред нозете на Оној кој умрел на крстот на Голгота за да нѐ спаси од гревот (*Review and Herald,* 12 април 1870).

*Сабота, 3 мај 2025*

## ОДМОР ЗА ХРИСТИЈАНИТЕ

**„Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11,28-30).**

Светот е полн со немири, неволји и тешкотии. Тоа е непријателска територија и на сите страни сме опкружени со искушенија. Исус вели: „Ова ви го реков за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто Јас го победив светот!“ (Јован 16,33; 14,27)

Нашиот Спасител своите барања ги опишува како јарем, а христијанскиот живот како носење товар. Сепак, споредувајќи го со суровата сила на сатаната и со товарот што ни го наметнува гревот, објавува: „Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно!“ Кога се трудиме да го живееме христијанскиот живот, да ги носиме неговите одговорности и да ги извршуваме неговите должности без Христа како наш помошник, јаремот нѐ мачи, а товарот е неподносливо тежок. Меѓутоа, Исус не сака да правиме така...

Мнозина тврдат дека дошле кај Исуса, иако сѐ уште одат по сопствените патишта, кои претставуваат болен јарем. Себичноста, лакомоста, частољубието, љубовта кон светот, или некој друг омилен грев, им го рушат мирот и радоста...

Во сѐ што прави, христијанинот треба да се труди да го претставува својот Учител, да направи службата што ја извршува за Него

да изгледа привлечна. Никој не ја прави религијата одбивна со својата упорна лоша волја, со раскажувањето на своите неволји и тешкотии, со своите самооткажувања и жртви...

Нека се гледа дека во тебе Христовата љубов буди постојан поттик; дека твојата религија не е како облека која се облекува и се соблекува во согласност со околностите, туку начело, смирено, постојано, непроменливо – кое управува со твојот живот...

Без оглед на тоа што може да те снајде во твојот живот, секогаш треба да знаеш дека си во Христовата служба, и покажи задоволен и благодарен дух. Без оглед на својот товар и крстот, подигни го во Исусово име и носи го со Неговата сила...

Љубовта кон Христа не може да се скрие, таа ќе направи сѐ за да се види и почувствува... Таа плашливиот ќе го направи храбар, мрзливиот вреден, ќе го разбуди заспаниот интелект во нов живот и елан... Мирот во Христа има поголема вредност од сето богатство на Земјата (*Sings of the Times,* 17 декември 1885).

*Сабота, 10 мај 2025*

## ПРИМЕНА НА БИБЛИСКАТА РЕЛИГИЈА

**„Ова е чиста и неизвалкана побожност пред Бога и Таткото: да бидат посетувани сираците и вдовиците во нивните неволји, и самиот да се пази себеси непорочен од светот“ (Јаков 1,27).**

Библиската религија не е облека која може по своја волја да се облекува и соблекува. Тоа е влијание кое проникнува во сѐ и кое прави да бидеме трпеливи Христови следбеници кои се откажале од себеси, кои дејствуваат онака како Тој дејствувал, кои одат како што Тој одел... Таа религија нѐ учи да покажуваме долго трпение кога ќе се најдеме на места каде што луѓето кон нас ќе постапуваат грубо и неправедно...

Доколку Божјата Реч станала трајно начело во нашиот живот, сѐ, со што ќе имаме работа, секој збор, секое незнајно дело, ќе покажува дека сме се предале на Христа и дека дури и нашите мисли се доведени во покорност Нему. Ако Божјата реч ја примиме во срцето,

таа ќе ја испразни душата од самодоволност, од потпирањето на себе. Нашиот живот ќе стане сила на добро, бидејќи Светиот Дух ќе ги исполнува нашите мисли со она што е Божјо. Христовата религија ќе биде применета на дело, бидејќи нашата волја ќе биде во совршена согласност со Божјата волја...

„Вие ги проучувате Писмата, зашто мислите дека имате вечен живот во нив; и тие сведочат за Мене" (Јован 5,39). Ниедна друга книга нема да ви даде толку чисти, толку возвишени мисли; ниту од една друга книга нема да стекнете длабоко религиско искуство. Кога ќе го посветите времето на самоиспитување, понизна молитва, сериозно истражување на Божјата Реч, Светиот Дух ќе биде близу за да ја всади вистината во вашето срце...

Библијата и само Библијата треба да стане правило на нашата вера. Таа е лист од дрвото на животот; јадејќи ја, примајќи ја во своите мисли, ќе станеме силни за да ја исполниме Божјата волја...

Доколку не ја примиме Христовата религија, хранејќи се од Божјите зборови, нема да добиеме право да влеземе во Божјиот град. Хранејќи се со земна храна, обликувајќи го својот вкус да го сака она што е световно... нема да можеме да влеземе во небените дворови, нема да ја цениме чистотата и небесното струење кое го опкружува небото.

Исус вели: „Бидејќи без мене не можете да правите ништо!" Живеејќи во Христа, припаѓајќи му на Христа, добивајќи ја Христовата поддршка, црпејќи храна од Христа, ние донесуваме плод според Христовиот модел. Ние живееме и се движиме во Него, ние сме едно со Него и едно со Таткото. Христовото име се слави во верното Божјо дете. Тоа е библиска религија (*Review and Herald,* 4 мај 1897).

*Сабота, 17 мај 2025*

## МОЛИТВАТА: КАНАЛ НА БЛАГОСЛОВИ

Кога се молиме, ние го отвораме своето срце за она што Исус го подготвил за нас. Ја отвораме својата душа пред Него за да ја примиме полната Негова сила. „Молитвата е отворање на срцето пред

Бога како на пријател. Не затоа што би било неопходно да му откриеме што сме, туку да се оспособиме себеси да го примиме. Молитвата не го спушта Бога кај нас, туку нас нѐ издигнува кон Него“ (*Патот кон Христа,* стр. 73). Во сите здрави меѓучовечки односи постои желба за разговор со личност која нам ни е мила. Молитвата го отвора нашето срце да разговара со Бога како што би разговарале со близок пријател или другар. Горната соба била место за разговор со Бога, место на кое учениците се moleле поединечно и соединети во заедничка молитва. Тие „се состанувале да му упатуваат молитви на Отецот во Исусово име. Знаеле дека имаат Претставник на небото, сигурен пред Божјиот престол. Со свечена и длабока страхопочит се наведнувале во молитва, спомнувајќи си за ветувањето: ’Вистина, вистина, ви велам: што и да побарате од Отецот во мое име, ќе ви даде. Досега ништо не баравте во мое име; барајте и ќе добиете, та вашата радост да биде целосна’ (Јован 16,23.24). Сѐ повеќе ги подигале рацете со вера, повикувајќи се на најсилниот аргумент: ’Христос Исус, кој умре, и згора на тоа воскресна, кој е од десната страна на Бога и кој се зазема за нас?’ (Римјаните 8,34)“ (*Делата на апостолите,* стр. 24).

И ние имаме Претставник на Небото кој нѐ повикува да Му ги кажеме своите маки. Ние имаме Пријател кај Божјиот престол кој бара од нас да му ги објавиме желбите на нашето срце. И ние можеме цврсто да се фатиме за Неговите ветувања. И ние можеме сѐ повеќе и повеќе да ја подаваме својата рака. И ние можеме од Него да бараме да го излие на нас најскапоцениот небесен дар, својот Свет Дух. Тој нѐ повикува да се приближиме до престолот и да се фатиме за тие скапоцени ветувања.

Молитвата е силно оружје за победа над непријателот во големата борба меѓу доброто и злото. Едно од најосновните начела во Божјата вселена е начелото на слобода во одлучувањето и бирањето. Бог не сака нашата волја да ја изложува на притисок. Тој никогаш нема присилно да нѐ наведе да Му служиме. Иако секој ден дејствува во нашиот живот, влијаејќи со својот дух на нас да донесуваме вистински одлуки, Неговото појавување во нашиот живот е ограничено од нашите одлуки. Кога сме клекнати на молитва пред Него, Тој го почитува нашиот повик попотполно да се појави во на-

шиот живот. Неговиот Дух влијае на нас ии н  осведочува уште пред да се помолиме, но Неговиот Дух нема да нѐ исполни и да нѐ зајакне ако не почнеме да се молиме.

Додека се молите читајте ги текстовите од Библијата и списите од Духот на пророштвото кои ни се ставени на располагање. Сфатете ги како вам да ви се упатени. Овие божествени ветувања изнесете ги пред Господа, верувајќи дека Тој ќе го исполни зборот што го кажал.

*Сабота, 24 мај 2025*

## ШТО ЗНАЧИ ДА СЕ БИДЕ УЧЕНИК?

Бидејќи извршувањето на големиот налот е причината за постоењето на црквата и бидејќи овој налог бара од нас како Црква другите луѓе да ги направи Христови ученици, битно е да имаме јасно, библиско разбирање за поимот ученик. Нашиот збор ученик е превод на грчкиот збор *mathetes*. Овој збор настанал во Грција каде што ученикот следел учител за да стекне практично и теоретско знаење. Во Новиот завет овој збор е употребен за да покаже дека ученикот е целосно поврзан со некоја личност. Да се биде ученик во смисла на новозаветната употреба на овој збор, значи да бидете поврзани со оној кој ве учи. Во таа заедница ученикот постојано и сѐ повеќе и повеќе учи за таа личност, додека истовремено живее покорувајќи ѝ се. Овој збор не подразбира нагла промена, туку бавен процес во кој некој станува ученик.

Да обрнеме внимание на Исусовите изјави во кои Тој сам ни објаснува што значи да се биде ученик. Тој овде зборува за почетното создавање ученици, кое е неопходно пред самото крштевање, а не за создавање ученици по крштевањето.

Првиот текст кој зборува за тоа што значи да се биде Исусов ученик, го наоѓаме во Матеј 10,24,25: **„Нема ученик поголем од својот учител, ниту слуга - поголем од својот господар; Доста е за ученикот да биде како неговиот учител и на слугата да биде како него-**

**виот господар. Ако стопанот на куќата го нарекле Велзевул, тогаш колку повеќе неговите домашни!?“**

Овој текст ни покажува дека оној што станува ученик воспоставува однос во кој учи од Учителот. Ученик е оној кој е подготвен да учи – значи поучлив е. Овој поучлив дух е многу важен услов за оној што треба да се крсти како Исусов ученик. Овој текст исто така покажува дека оној што ќе стане Исусов ученик може да очекува со него да се постапува како со Христа – нема да го разбираат и ќе биде прогонуван. Поради тоа во евангелскиот процес на создавање ученици треба да ѝ се помогне на личноста да постигне толку зрела вера за да може да се одбрани од прогонството и потсмевот.

Друг важен текст за тоа како Исус го објаснува создавањето ученици, го наоѓаме во Лука 14,26.27: **„Ако некој дојде кај Мене и не го намрази татка си и мајка си, жена си и децата свои, браќата и сестрите, па дури и душата своја, тој не може да биде Мој ученик. И, кој не го носи својот крст, и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик.“**

Во овој текст читаме дека големо мноштво го следело Исуса (стих 25). Ако Исус верувал во масовно пристапување на необратените луѓе кон верата, тогаш Неговите зборови упатени до мнозинството биле несоодветни и обесхрабрувачки. Постои цена која ја плаќаме затоа што го следиме Исуса. Исус не сака делумни следбеници, туку поединци кои целосно се одлучиле за Него. Оние што ќе одлучат да станат Негови ученици, мора да бидат подготвени да оставаат сè, вклучувајќи го и домот, семејството, роднините, богатството и положбата за да можат да Го следат.

Третиот текст кој зборува за тоа што значи да се биде Исусов ученик, го наоѓаме во Јован 8,31.32: **„Тогаш Исус им говореше на Јудејците, што беа поверувале во Него: „Ако вие останете во Моето слово, навистина ќе бидете Мои ученици; и ќе ја запознаете вистината, и вистината ќе ве ослободи“.**

Да бидеме ученици, тоа значи постојано да се држиме за Неговата наука. Исус ветил дека последицата на постојаното прифаќање на Неговата наука ќе биде познавањето на вистината. Јован понатаму запишува дека Исус самиот изјавил дека Тој е вистината (Јован 14,6). Според тоа, оној кој сака да биде Исусов ученик, мора на-

вистина да го познава Исуса како конечна вистина во животот. За да го постигнеме тоа во евангелската работа, пред да стане ученик, обратеникот треба да се запознае со основните Исусови поуки.

Следниот текст за учеништвото е многу краток. Го наоѓаме во Јован 13,34.35: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе".

Љубовта е апсолутен и непогрешлив текст за тоа дали некој е ученик.

Последниот текст, во кој Исус зборува за создавањето ученици, се наоѓа во Јован 15,8: „Со тоа ќе се прослави Мојот Отец: да носите многу плод и да бидете Мои ученици".

Изгледа дека целиот контекст на овој текст е концентриран на тоа да ја разбереме задачата. Христијанинот кој нема да се вклучи во создавање на други ученици, всушност и не е ученик. Според тоа, невозможно е да бидеме Исусови следбеници, а да не им зборуваме за Него на другите. Учениците не само што треба да зборуваат туку треба и да создаваат ученици; во спротивно тие и самите нема да се сметаат за ученици. Исусовите ученици ги повикуваат и другите да станат доживотни Христови ученици. Исус сака да донесеме многу род.

*Сабота, 31 мај 2025*

## ГОЛЕМИОТ НАЛОГ И ОСНОВАЊЕТО НОВИ ЦРКВИ

Исус заповедал Неговите следбеници да прават ученици од сите етноси. Овој збор има многу пошироко значење од изразот „сите народи". Зборот „етнос" Браун го дефинира на следниот начин: „Етнос, е збор изведен од грчките зборови ethos, обичај, навика, и означува група која има заеднички обичаи, клан; или мнозинство, општество, народ. Овој збор се употребувал за народ, но во презирна смисла.

Според тоа, големиот налог бара да создаваме ученици од секоја подгрупа народи на Земјата, и тоа меѓу обичните луѓе. Една црква

во некоја земја или град не може да допре до сите групи. Затоа црквата, која е верна на големиот налог, ќе основа нови цркви меѓу сите етнички групи додека Исус не дојде. Старите цркви се сушат и умираат. Новите цркви се свежи и живи. Ако, како верска заедница сме решиле сериозно да го исполниме големиот налог, мораме сериозно да работиме на основањето нови цркви. Боб Логан, познат стручњак за основање на цркви, вели:

„Над сѐ стои фактот дека големиот налог никогаш нема да го исполниме ако не ги умножуваме црквите“.

Всушност, основањето нови цркви е цел на секој мисионски план. Цел на секоја црква би требало да биде основање нови цркви. Фантастичен раст во согласност со големиот налог е можен само тогаш кога на Црквата повторно би ѝ се дало првенството за основање на цркви, и кога меѓу новите групи луѓе постојано би се основале нови цркви. Но, тие не смеат да бидат основани според сегашниот модел на зависност од пасторот, бидејќи тоа ќе создаде голема превирања околу финансиите на Адвентистичката црква. Потребен е потполно нов начин на основање цркви – втемелен на големиот налог, според кој луѓето ќе станат ученици кои ќе опстојуваат без пастор кој би требало да ги негува. Боб Логан зборува за раст кој треба да се очекува од агресивното планирање за основање цркви:

„Земете го, на пример, јаболковото стебло. Нормално е да сметаме дека плодот на јаболковото стебло ќе биде јаболко, но тоа е само дел од целокупната слика. Јаболкото е само амбалажа на семето кое треба да го произведе крајниот плод – повеќе јаболкови стебла. Христовото тело е слично на јаболковото стебло – произведува поединечни ученици и повеќе заедници“.

Многу често во евангелската работа првенствено сме заинтересирани за жетва на поединечни ученици. Наместо тоа, според Логан, секој потенцијален ученик треба да го сметаме за семе на многу други ученици. Секој нов обратеник, всушност, треба да стане јадро на цела нова заедница. Она што ние го предлагаме е да се напушти кратковидната насоченост на нашата сегашна евангелска работа и да сфатиме дека треба да се насочиме кон создавање ученици кои сами ќе се умножуваат. Секој нов ученик носи потенцијал за стотици нови ученици.

*Сабота, 7 јуни 2025*

## БОЖЈИТЕ БЛАГОСЛОВИ И НАШАТА ОДГОВОРНОСТ

**„Вратете се кон Мене, и Јас ќе се вратам кај вас, вели Господ Саваот“ (Малахија 3,7)**

Сатаната постојано ги изнесува гревовите и лошите дела на оние кои себеси се сметаат за Божји деца и им се потсмева на Божјите ангели поради нивните мани. Што е тоа што ќе го доведе Господовиот народ на вистинското место пред Него? Господ на тоа прашање одговара преку Малахија: „Вратете се кај Мене и Јас ќе се вратам кај вас, вели Господ Саваот“. Кога ќе го бараме Господа со сето свое срце, тогаш ќе Го најдеме!

Даниел во своето срце наумил да му остане верен на небесниот Бог. Решил да не ја јаде храната што ја јадел царот, ниту да го пие виното што царот го пиел; а неговите тројца другари решиле да не го посрамотат Бога со тоа што ќе му се поклонат на златниот лик, кој царот Навукодоносор го поставил во полето Дура. Кога ќе решиме да му служиме на Бога со одлучност како решителноста на овие верни Божји слуги, Господ ќе го преземе нашиот дел и ќе нè оспособи да се потпреме на неговата сила.

Ангелите со длабоко изненадување ја следат неблагодарноста на оние за кои Господ направил толку многу непрекинато излевајќи ги своите дарови и поддршка. Луѓето ги заборааат Божјите барања и ѝ попуштаат на себичноста и на световноста...

Бог не може да нè благослови со земја и добиток ако не ги употребуваме Неговите благослови на Негова слава. Тој не може да им го довери своето богатство на оние кои погрешно го употребуваат. Господ на наједноставен јазик им рекол на своите деца што бара од нив. Тие треба да му даваат десеток од сè што имаат и од она со што ги благословил да донесуваат дарови. Неговите благослови и дарови биле обилни и начелни. Тој им го праќал својот дожд и сончева светлина и правел вегетацијата да биде бујна. Тој ги одредувал годишните времиња; времето за садење и собирање на жетвата се сменувало по ред; неизмерната Божја добрина нè повикува на нешто подобро од неблагодарност и заборавност, која многумина ја покажуваат.

Зар нема да се вратиме кај Бога и со благодарни срца да Му ги донесеме своите десетоци и прилози? Господ направил оваа долж-

ност да стане толку јасна што, ако занемариме да ги исполниме неговите барања, ќе останеме без изговор. Господ ги оставил своите добра во рацете на своите слуги, за тие со нив да постапуваат праведно, за да може Евангелието да се проповеда по целиот свет. Системот и одредбите за ширење на Неговата вистина во светот не се препуштени на случајот (*Sings of the Times*, 13 април 1890).

*Сабота, 14 јуни 2025*

## ПРИЈАТНИ МИСЛИ

**„Ќе Му пеам на Господ преку целиот мој живот, ќе Му пеам на мојот Бог сè додека постојам. Нека Му биде мила беседата моја! Ќе се веселам во Господа“ (Псалм 104,33.34).**

Бидејќи умот се обликува според она со што најчесто се занимава, тогаш нашата желба да мислиме на Исуса, да зборуваме за него, ќе нè оспособи да станеме слични на Него по дух и карактер. Тогаш ќе го имаме Неговиот лик во она што е големо, непорочно и духовно. Тогаш ќе го имаме Христовиот ум и Тој ќе нè испрати во светот како свои духовни претставници...

Сонцето што сјае на небото, со своите блескави зраци ги осветлува сите животни патишта и патеки. Тоа има доволно светлина за илјадници светови слични на нашиот. Истото е и со Сонцето на правдата. Неговите блескави зраци на обновување и радост сè повеќе од доволни да го спасат нашиот мал свет, тие се успешни во воспоставувањето сигурност во секој создаден свет...

Растењето во познавањето на Христовиот карактер ја посветува душата. Препознавањето и прифаќањето на славното дело на помирување ги преобразува сите оние кои размислуваат за планот на спасението. Гледајќи во Христа, тие се менуваат во истиот лик, од слава во слава, како од Господовиот Дух. Гледањето во Христа станува процес кој нè оспособува и облагородува да станеме вистински христијани...

Која вера го победува светот? Тоа е онаа вера која го прифаќа Христа како наш Спасител – онаа вера која, сфаќајќи ја својата беспомошност, својата крајна немоќ да се спасиме самите себе, нè води да се фатиме за Помошникот, кој е моќен да нè спаси како наша

единствена надеж. Тоа е вера која нема да се обесхрабри, која го слуша Христовиот глас како зборува: „Радувајте се! Јас го надвладеав светот и мојата божествена сила ви е на располагање"! Тоа е верата која Го слуша како зборува: „и учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот" (Матеј 28,20).

Секоја душа мора да сфати дека Христос е наш личен Спасител; и тогаш во нашиот христијански живот ќе се покажат љубовта, ревноста и цврстината...

Никогаш не смееме да го изгубиме Христа од нашите мисли... Тој ги растерува сите наши сомнежи, Тој е суштина на сите наши надежи! Колку е скапоцена мислата дека можеме да станеме учесници во божествената природа, во која можеме да победиме, онака како што Христос победил... Тој е мелодија на нашите песни, сенка на големата карпа во уморната земја. Тој е жива вода за жедната душа. Тој е нашето засолниште во оваа бура. Тој е нашата правда, нашето посветување, нашето откупување (*Review and Herald,* 26 август 1890).

*Сабота, 21 јуни 2025*

## ПОЕДИНЕЧНА ОДГОВОРНОСТ

**„Но, секој човек да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша" (1. Коринќаните 11,28).**

Овој свет е подготвително училиште, а големата цел во животот треба да биде подготовката за славните станови кои Исус отишол да ги подготви за нас. Треба да знаеме дека ова дело на подготовка е поединечно дело. Ние не се спасуваме во групи. Непорочноста и преданоста на еден не може да го надомести недостатокот на тие особини во животот на другиот. Секој случај мора да подлегне на поединечна проверка. Секој од нас мора да биде преиспитан и да се најде дека е без мани или пороци, или нешто слично.

Ние живееме во големиот вистински ден на помирување. Исус сега е во небесното светилиште и ја извршува службата за помирување на гревовите на својот народ, а судот на праведните се извршува речиси четириесет години (пишувано во мај 1884 година). Ние

не знаеме кога ќе биде судот над живите, но сепак знаеме дека живееме во време на завршните сцени од историјата на оваа Земја, или, можеме слободно да кажеме, на самата граница на вечниот свет. Многу е важно секој од нас да се запраша: Дали постојат некои недостатоци во мојот карактер и дали сум толку заслепен од недостатоците, обичаите, и мислењата на светот, што гревот не ми изгледа дека е толку длабоко навредлив за Бога, како што навистина е. Сега не е време да им дозволиме на нашите мисли да бидат заокупирани од она што е на Земјата, и само повремено да мислиме на Бога, и само површно да се подготвуваме за земјата кон која патуваме.

На симбличкиот Ден на помирување од сите луѓе се барало да ја измачуваат (преиспитуваат) својата душа пред Господа. Не било потребно да ги мачат душите на другите, туку тој настан се одвивал меѓу Бога и поединците. Исто такво дело на самоиспитување и понизност сега се бара од секој од нас... Скапоцените златни моменти кои треба да се поминат во барање на внатрешното украсување со кроток и понизен дух, залудно поминуваат во обидите на украсување со облека и други безвредни и безначајни ситници...

Ние живееме во важно време, со изразито богати настани. Ние речиси стигнавме во своите домови. Наскоро пред нашиот видик ќе се покажат многуте станови кои нашиот Спасител заминал да ги подготви за нас... Сега во нашето срце треба да се шири безмерна радост, неискажан мир полн со слава, бидејќи наскоро, кога Христос ќе дојде, наградата која нè чека на крајот од христијанската трка ќе биде во нашите раце и ќе имаме можност во неа да уживаме низ сите бескарајни векови на вечноста (*Signs of the Times,* 29 мај 1884).

*Сабота, 28 јуни 2025*

## СОРАБОТНИЦИ НА ЦРКВАТА НА НЕБОТО

**„Гледајќи во Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера, Кој, поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот, презирајќи го срамот, и седна оддесно на Божјиот престол“ (Евреите 12,2).**

Денес, исто како и во минатото, целото Небо гледа како Црквата се развива во вистинската наука на спасението. Христос ја откупил

Црквата со својата драгоцена крв и Тој копнее да ја облече во вечното спасение. Тој ја основал за да биде чувар на светата вистина, и затоа сака таа да учествува во Неговата слава. Меѓутоа, за да може Црквата да стане воспитна сила во светот, таа мора да соработува со Црквата на Небото. Нејзините верници мораат да го претставуваат Христа. Нивните срца мора да бидат отворени за да го примат секој зрак светлина, да бидат оспособени да примаат и да пренесуваат сè повеќе и повеќе зраци од Сонцето на правдата.

Постои потреба за повисока духовност во Црквата. Постои потреба за чистење на срцето. Бог го повикува својот народ да го заземе местото на кое должноста го повикува. Тој го повикува да се исчисти од она што се покажало како проклетство за Црквата – всушност, издигнување на оние кои се поставени на доверливи места во црквата. Треба да се изврши сериозно дело. Луѓето, клекнати на своите колена, треба со вера да го бараат Бога и тогаш да тргнат напред, да ја проповедаат Речта со сила што ја добиле озгора. Таквите верници излегуваат пред народот непосредно од престолната сала на Највозвишениот и нивните зборови и дела ја унапредуваат духовноста. Кога ќе се најдат соочени со погрешни начела, цврсто ги ставаат своите стопала на темелот на познатите зборови: „Напишано е!" (Матеј 4,7).

На Современата Црква потребни ѝ се работници кои, слично на Енох, ќе одат со Бога откривајќи им го Христа на луѓето во целиот свет. Неопходно е верниците на Црквата да се издигнат на повисоко ниво... Себичноста го затемнува нашиот поглед кон Сонцето на правдата. Христа одново го распнуваат оние кои им попуштаат на слабостите и дозволуваат сатаната да ја здобие власта над нив. На Црквата ѝ се потребни верни луѓе за да му ја пренесат на светот пораката за спасението, да укажат на Божјото Јагне – работници кои со своите дела на праведност и со своите непорочни вистински зборови можат да ги издигнат оние околу себе од бездната на расипаноста.

Со жал и сочувство, со нежен копнеж и љубов, Господ го набљудува својот народ кој минува низ искушенија и проби... Божја намера е сите да бидат искушани и проверени за да може да се покаже дали се верни или неверни на законите кои управуваат со небесното царство. Бог ќе му дозволи на сатаната сè до крајот да се покажува како измамник, напаѓач и убиец. На тој начин конечната победа на Неговиот народ ќе биде многу попотполна, целосна и совршена (*Review and Herald,* 4 декември 1900).

**Градиво за саботна школа**

За подобра саботна школа
2/2025

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

За интерна употреба